Република Македонија
Министерство за здравство



Државен санитарен и здравствен инспекторат

Бр.04-1809/14
01.11.2018 год.
Скопје

Врз основа на член 51 и член 52 од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија", бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16 и 11/18 ), и конечна Ранг листа на кандидати од сите фази на селекција, директорот на Државен санитарен и здравствен инспекторат донесе

# ОДЛУКА

## по интерен оглас 02/2018 за унапредување на административен службеник до Државниот санитарен и здравствен инспекторат

1.Кандидатот **Артан Шукриу** по пат на интерниот оглас 02/2018 се избира за работното место **Раководител на сектор за аналитика, стратешко планирање и проекти со шифра на работно место УПР0101Б02000 -1(еден) извршител**, во Државен санитарен и здравствен инспекторат.

2.Изборот е извршен врз основа на финална ранг листа и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат по интерен оглас број 02/2018 со архивски број 04-1809/2 од 17.10.2018 година.

3.Именуваниот ќе биде унапреден на работното место од точка 1 по конечноста на оваа одлука.

4.Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

По објавениот на интерниот оглас бр.02/2018 од 17.10.2018 година на веб страницата на институцијата и на Агенцијата за администрација, Комисијата за селекција за унапредување по интерен оглас формирана од страна на директорот на Државен санитарен и здравствен инспекторат со Решение бр.04-1809/7 од 29.10.2018 година, во функција на спроведување на постапката за унапредување на административен

службеник за извршување на работите од точка 1 на оваа одлука, спроведе административна Селекција за административните службеници записник бр.04-1809/9 од 31.10.2018 година, и спроведување на интервју за административните службеници записник бр.04-1809/10 од 31.10.2018 година.

Согласно член 51 од Законот за административни службеници и врз основа на конечната Ранг листа на кандидати од сите фази за селекција за унапредување и Предлогот за унапредување на кандидатите по интерниот оглас бр.02/2018, директорот на Државниот санитарен и здравствен инспекторат одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По завршувањето на постапката за избор, раководното лице на институцијата носи решение за унапредување.

**Правна поука**: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација, во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата институцијата.

**ДИРЕКТОР,**
**Д-р Иринка Сотирова Бухова**

Доставено до:
- Именуваните
- Одделение за управување со човечки ресурси
- Архива

Подготвил:Раметула Сефа